# Универзитет Св. Климент Охридски – Битола | Alumni интервју

## За Вас

| | |
|---|---|
| **Име и презиме** | Ѓоре Бочваров |
| **Факултет/студиска програма** | Технолошко Технички –Прехрамбена технологија и биотехнологија |
| **Работно место/позиција** | Инженер –Технолог Пекабеско |
| **Година на дипломирање** | 2014-2015 |
| **E-mail адреса** | gjorkac_ve@live.co.uk |

## Споделете искуства од студирањето на УКЛО/ Технолошко-технички факултет - Велес

**Наведете зошто избравте да студирате на Технолошко-технички факултет - Велес, ваши искуства во текот на студиите, интересни случки и сл.**

Технолошко Техничкиот факултет го избрав поради љубовта кон производството на храна и нејзиното влијание врз квалитетот и начинот на живот на луѓето.Од студирањето на овој факултет имам многу позитивни сеќавања и позитивни оценки ,пред се пофалби кон наставниот кадар кој е секогаш пријателски и позитивно настроен да го пренесе своето знаење и да помогне во секоја ситуација кон студентите.Искуствата кои ги стекнавме на овој факултет се многу значајни за понатамошната кариера особено за правилно и безбендно работење за нас и луѓето околу нас. Една од поинтересните случки во студирањето е кога една од професорките при усно испрашување ме помешува мене со мојат најдобар пријател и забелешките ги става  на мојот број од индекс за подоцна по неколку дена го сватиме тоа ,и по кратко убедување го заклучиме тоа.Да е работата за мене малку и трагична одговорот беше за 10 ка а јас требаше истиот ден да одговарам.

## Споделете Ваши искуства по дипломирањето на УКЛО/Технолошко-технички факултет - Велес

**Опишете каде и што работите, опишете го Вашиот  професионалн пат, наведете Ваши позначајните лични и професионални постигнувања**

Вработен сум во месна индустрија Пекабеско.Инженер технолог во погон претежно за сувомеснати производи,нарезоци паштети и трајна роба.Работата е доста динамична и интересна исполнета со секојдневно пронаоѓање на нови производи и усовршување на старите.Вработен сум веќе две години веднаш по моето дипломирање.Како позначајни успеси ми се усовршување на ловачка паштета со нов чили зачин.Пуштање на нова линија на гулаш,умак и хаше производи.

## Alumni совет

**Со една до две реченици што би им порачале како совет на сегашните и идните студенти на УКЛО?**

Доколку мислите дека немате среќа немојте никогаш да престанете и да се трудите со нешто да ја предизвикате,Овој факултет ви нуди шанса за понатаму во животот со напорна работа да ви се насмее среќата и да станете успешни во својата професија.